Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год.) и член 50 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,, Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Виница (,,Сл. гласник на општина Виница ,, бр. 8/2010 и 12/2014 год),Градоначалникот на општина Виница, објавува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира повторна Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог- **Урбанистички план за село Лески, КО Лески, Општина Виница**

Согласно Член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) а согласно член 95 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), се изработува Урбанистички план за село кој се донесува за подрачје на населено место - село, утврдено со закон.

**Предмет на изработка на Урбанистичкиот план за село Лески со разработка на Блокови 1 и 2 претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=66,669 ha.**

Урбанистичкиот план за село Лески во документациската основа е презентиран за цело село со прикажување на новоформираните блокови, притоа даден е осврт на Блоковите 1 и 2. Овие блокови детално се разработуваат и тие се дефинирани со граници на блоковите и во документациската основа.

Од јавната презентација која траеше од 12.07.2023 до 20.07.2023 година поднесени се и анкетни листови од заинтересираните странкии за кои е одговорено со Извештај од комисија.Поради претрпените промени на планот потребно е да се организира повторно Јавна анкета и презентација.

Предлог –планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница, и на видно место со село Лески.
- Времето на излагање на планот ќе трае 7 работни дена со почеток од **14.12.2023 год. до 22.12.2023год.** Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница. Јавна презентација

на **18.12.2023** год. со почеток во 12:00 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА

Градоначалник,
Миле Петков

---------------------

11-115/12
06.12.2023 год.
Виница